Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/2002), член 23 став 3 од Закон за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово (Службен гласник на Општина Берово бр.13/02,18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 I 30/23 ), а во врска со Заклучокот на Советот на Општина Берово со бр.09-2036/2 од 02.07.2024 година, Советот на Општина Берово на 46-та седница одржана на 16.07.2024 година донесе:

# О Д Л У К А

## за дополнување на Одлуката
## за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2024 година

### Член 1

Се врши дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2024 година со Број 09-4836/1 од 20.12.2023 година.

### Член 2

Во член 2 став 1, после алинеја 5 се додава нова алинеја 6 која гласи:

- 27.07.2024 година.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Берово" и е составен дел на Одлуката за продолжување на работното време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2024 година со Број 09-4836/1 од 20.12.2023 година.

Број 09-2353/1
16.07.2024 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Марија Буровска